Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16 и „ Службен весник на РСМ “ бр.151/21), член 93 став (2) и член 94 – а од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ “ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ“ бр. 275/19; 14/20; 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавни обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („ Службен весник на РСМ“ бр. 51/20 и 172/21), Колективниот договор за административни службеници и другите вработени во Општина Крива Паланка бр.08 – 4078/1 од 21.10. 2022 година и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка бр.08/2010, 12/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023 и 14/2023), а во врска со член 7 и 8 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.51/24), Советот на Општина Крива Паланка на **38 - та седница** одржана на **15.03.2024** година , донесе :

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година бр.09 – 5981/13 од 25.12.2023 година и тоа во членот 9 став (1) точката 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за утврдување на плата за избрани и именувани лица Градоначалник се определува според број на жители и за Општина Крива Паланка изнесува 2,52, а вредноста на коефициентот за плата на избрани и именувани лица во РСМ е просечна исплатена месечна плата по вработен во Република Северна Македонија за претходна година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика“.

**Член 2**

Во членот 12 став (1) после зборот „месечна“ се додава зборот „нето“.

**Член 3**

Во член 13 ставот (1) се менува и гласи:

„Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма-Општинска администрација-Е0 расходно конто 404110-надомест на годишен одмор,Програма-Градоначалник-ДО расходно конто 404110-надомест на годишен одмор,Програма-Музејска и кинотечна дејност К3 расходно конто 404110-надомест за годишен одмор,Програма - Противпожарна заштита-Њ0 расходно конто 404110-надомест за годишен одмор,на основа донесено решение од Градоначалникот и Програма-Основно образование-Н1 расходно конто 404110-надомест за годишен одмор,Програма-Средно образование-Н2 расходно конто 404110-надомест за годишен одмор,Програма-Детска заштита -В1 расходно конто 404110-надомест за годишен одмор“ .

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува за исплата на плата за месец февруари 2024 година.

**Бр. 09 –** 1375/67
**15.03.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА